# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД

**Lactoderm®**
**Лактоферин + Колострум + Цинк + Витамин Е**
**60 капсули**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Lactoderm®** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Lactoderm®** ?
3.Како да го земате/ употребувате **Lactoderm®** ?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Lactoderm®**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Lactoderm® и за што се употребува?

**Lactoderm®**, капсулите се граничен производ кој содржи лактоферин, колострум, витамин Е и цинк, а наменет е за кожата. Колострум е супстанција која ја произведуваат цицачите како храна за новороденчето во текот на првите неколку дена од животот, а пред почеток на производство на вистинско мајчино млеко и богат е со различни биолошки активни соединенија, вклучително имуноглобулини, лактоферин и фактори на раст. Цинкот придонесува за одржување на нормална кожа и нормална функција на имунолошкиот систем. Витамин Е и цинк придонесуваат за заштита на клетките од оксидативен стрес.

## 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Lactoderm®

***Немојте да го земате/употребувате Lactoderm®*** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

***Бидете посебно внимателни со Lactoderm®***
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

***Бременост и доење***
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или ако доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

***Влијание врз психофизички способности***
Примената на **Lactoderm®** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

***Важни информации за некои состојки на Lactoderm®***
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која состојка на производот.

Важни известувања: Производот е нутриционистички некомплетна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Препорачаната дневна доза не смее да се надминува.

Производот не е наменет за деца под 12 -годишна возраст.

***Земање/употреба на други медицински производи***

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Lactoderm®**

Возрасни и деца над 12 години: 2 пати дневно да се испие по 1 капсула со вода, најдобро пред јадење.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Lactoderm®**

Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Lactoderm®**

Да се чува во оригиналното пакување, заштитено од светлина и влага на температура до 25°C.
Да се чува надвор од дофат на деца.

***Рок на употреба***

Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

***Состав на граничен производ***

| **Состав на активни компоненти** | **1 капсула** | **2 капсули** | **% НРВ* (2 капсули)** | **100 g** |
|---|---|---|---|---|
| Лактоферин | 10 mg | 20 mg | ** | 2,3 g |
| Колострум | 90 mg | 180 mg | ** | 20,9 g |
| Витамин Е (DL-алфа токоферилацетат) | 6 mg | 12 mg | 100 | 1,4 g |
| Цинк (цинк глуконат) | 5 mg | 10 mg | 100 | 1,2 g |

*НРВ – нутритивна референтна вредност

**Не е воспоставена нутритивна референтна вредност

***Состав:*** микрокристална целулоза (средство за зголемување на волуменот), хидроксипропил метилцелулоза (капсула); титаниум диоксид и жолт железо оксид (бои), колострум добиен од кравјо **млеко**, цинк глуконат, DL-алфа-токоферилацетат, лактоферин добиен од кравјо **млеко**, магнезиум стеарат (средство против згутчување).

| **Нутритивни информации:** | **1 капсула (0,43 g)** | **2 капсули** | **100 g** |
|---|---|---|---|
| Енергетска вредност (kJ / kcal) | 3,5 / 1 | 7 / 2 | 845 / 207 |
| Масти – вкупно (g) | < 0,3 | < 0,5 | 1,8 |
| од тоа заситени масни киселини (g) | 0 | 0 | 0 |
| Јаглехидрати – вкупно (g) | 0 | 0 | 0 |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| од тоа шеќери (g) | 0 | 0 | 0 |
| Влакна (g) | 0,3 | 0,6 | 66 |
| Протеини (g) | < 0,3 | < 0,5 | 15 |
| Сол (g) | 0 | 0 | 0 |

***Изглед на граничен производ и пакување:*** 60 капсули/пакување

***Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:***
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, Бул. Кочо Рацин 14, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

***Производител:***
Phytonet doo Stevana Opacica 4/4 Rakovica 11090 Beograd за Galenika a.d. Београд, Р. Србија

***Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:***